**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**
**Бр. 11-124**
**18.03.2014 година**
**С к о п ј е**

Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги врз основа на член 6, став 1, алинеја 13, член 141 став 13 и член 152 ставови 4 и 5 од Законот за аудио и аудиовизуелни медумски услуги („Службен весник на Република Македонија", бр. 184/13, бр. 13/14 и бр. 44/2014) и Извештајот бр. 11-1544/1 од 14.03.2014 година, а во согласност со Заклучокот бр. 02-1528/10 од 17.03.2014 година, поради рееемитување на програмски сервиси кои не се регистрирани во Агенцијата за аудио и аудиовузулени медиумски услуги, согласно Законот за аудио и аудиовизуелни медумски услуги, на 15-та седница, одржана на 17.03.2014 година, донесе:

## Решение
## за исклучување на реемитувањето на програмски сервиси

1. ТРД Оператор на јавна електронска комуникациска мрежа, Друштво за производство, трговија и услуги Теленет Ком ДОО експорт-импорт Тетово, на ден 11.03.2014 година, при реемитување на програмски сервиси во својот аналоген програмски пакет, направил повреда на член 141 став 13 од Законот за аудио и аудиовизуелни медумски услуги („Службен весник на Република Македонија", бр. 184/13, бр. 13/14 и бр. 44/2014).

2. Повредата од точка 1 на ова решение, е сторена на ден 11.03.2014 година, во 12,00 часот, кога, во постапка на вонреден програмски надзор направен, согласно член 27 и член 28 од Законот за аудио и аудиовизуелни медумски услуги, врз реемитуваните програмски сервиси во аналогниот пакет, е констатирано дека Друштво за производство, трговија и услуги Теленет Ком ДОО експорт-импорт Тетово, со седиште во Тетово, го реемитува следниот телевизиски програмски сервис кој не е регистриран од страна на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, и тоа: Studio B.

3. МУ СЕ НАЛОЖУВА на Друштво за производство, трговија и услуги Теленет Ком ДОО експорт-импорт Тетово веднаш по приемот на ова решение, да го исклучи реемитувањето на следниот нерегистриран телевизиски програмски сервиси, и тоа: Studio B.

4. По истекот на рокот определен во точка 3 од ова решение, да се изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали Друштво за производство, трговија и услуги Теленет Ком ДОО експорт-импорт Тетово, постапило по налогот односно дали престанало со реемитување на програмскиот сервис кој не е регистриран во Агенцијата.

5. Ова решение е конечно.
Тужбата не го одлага извршувањето на решението.

Образложение

Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги врз основа на член 28 од Законот за аудио и аудиовизуелни медумски услуги („Службен весник на Република Македонија", бр. 184/13, бр. 13/14 и бр. 44/2014), е надлежна да врши програмски надзор (мониторинг) на програмите на радиодифузерите и давателите на аудиовизуелни медиумски услуги по барање, како и на програмските пакети кои ги реемитуваат операторите на јавни електронски комуникациски мрежи од аспект на почитувањето на одредбите од овој закон, дозволите, издадените потврди за регистрација, подзаконските акти и другите акти донесени од Агенцијата.

Во согласност со член 6, став 1, алинеја 4 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија", бр. 184/13, бр. 13/14 и бр. 44/2014), Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги презема мерки согласно со овој закон во случаите кога е извршена повреда на одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медумски услуги или на прописите донесени врз основа на него и условите и обврските од дозволите.

Во рамките на своите законски надлежности, согласно член 27 и член 28 од Законот за аудио и аудиовизуелни медумски услуги, Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги на ден 11.03.2014 година, изврши вонреден програмски надзор на програмски сервиси реемитувани во аналогниот програмски пакет на операторот Теленет Ком ДОО експорт-импорт Тетово, при што констатираше дека е направена повреда на член 141 став 13 од Законот за аудио и аудиовизуелни медумски услуги („Службен весник на Република Македонија", бр. 184/13, бр. 13/14 и бр. 44/2014), на начин што Друштво за производство, трговија и услуги Теленет Ком ДОО експорт-импорт Тетово, реемитувало странски телевизиски програмски сервис кој не е регистиран од страна на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

Повредата е сторена на ден 11.03.2014 година, во 12,00 часот, кога, во постапка на вонреден програмски надзор на програмски сервиси реемитувани во аналогниот програмски пакет, е констатирано дека Друштво за производство, трговија и услуги Теленет Ком ДОО експорт-импорт Тетово, со седиште во Тетово, го реемитувало следниот телевизиски програмски сервис кој не е регистриран од страна на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, и тоа: Studio B.

Следствено на тоа, а врз основа на член 141 став 13 и член 152 ставови 4 и 5 од Законот за аудио и аудиовизуелни медумски услуги и Извештајот бр. 11-1544/1 од 14.03.2014 година, а во согласност со Заклучокот бр. 02-1528/10 од 17.03.2014 година,

поради констатирано непочитување на одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медумски услуги, наведено во точка 1 и 2 на ова решение, Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги на 15-та седница одржана на ден 17.03.2014 година, донесе Решение со кое на споменатиот оператор му наложи исклучување на реемитувањето на нерегистрираниот телевизиски програмски сервис наведен во изреката на ова решение.

Агенцијата му наложи на операторот исклучувањето да го изврши веднаш по приемот на решението. Исто така, по истекот на рокот определен во точка 3 од ова решение, да се изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали Друштво за производство, трговија и услуги Теленет Ком ДОО експорт-импорт Тетово, постапило по налогот и престанало со реемитување на програмскиот сервис во својот аналоген програмски пакет, кој не е регистриран во Агенцијата.

Согласно член 24 ставови 1 и 2 од Законот за аудио и аудиовизуелни медумски услуги, ова решение е конечно и против него операторот може да поднесе тужба за поведување на управен спор пред надлежен суд. Тужбата за поведување на управен спор се поднесува во рок од 30 дена од денот на приемот на решението. Тужбата не го одлага извршувањето на решението.

Врз основа на горе наведеното, се донесе решение како во диспозитивот.

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**
**Претседател,**

**д-р Зоран ТРАЈЧЕВСКИ**

**Упатство за правно средство:** Против ова решение операторот може да поднесе тужба за поведување на управен спор пред надлежен суд. Тужбата за поведување на управен спор се поднесува во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.

**Доставено до:**
- Друштво за производство, трговија и услуги Теленет Ком ДОО експорт-импорт Тетово;
- Управителот на Друштво за производство, трговија и услуги Теленет Ком ДОО експорт-импорт Тетово;
- Агенцијата за електронски комуникации на Република Македонија;
- Назначеното лице во Агенцијата за водење на уписникот Уп 1.